**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-3923/1

Скопје 11.09.2017г.

**Предмет: Петти седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува петтиот седмичен извештај за периодот од 4 до 10 септември 2017 година.

Во рамки на овој извештај, Ви го доставуваме Третиот извештај на Агенцијата од мониторингот на медиумското известување по распишување на Локалните избори, односно за периодот од 27 август до 5 септември 2017 година.

Во овој извештаен период, мониторингот покажува дека радиодифузерите продолжуваат да ја следат веќе востановената уредувачка политика. Кај најголемиот дел од нив, квантитативно најприсутна е Владата. Комуникацијата на релација власт-опозиција продолжува по принципот - обвинувања и реакции/контраобвинувања. Неретко станува збор за „псевдонастани“ кои потоа се преточуваат во „псевдовести“. Односот на телевизиите и радијата кон ваквата матрица е ист како и во минатиот извештај, т.е. некои држат дистанца, а некои од нив ја пресликуваат.

Обемот на информации за една политичка опција, кај две телевизии укажува на непочитување на професионалното начело за еднаков третман на различните гледишта.

Извештајот е достапен на веб страницата на Агенцијата. Инаку, во тек е мониторингот на четвртиот десетдневен извештаен период (од 6 до 15 септември 2017).

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

.............................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги СКОПЈЕ


Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk


МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009